РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Јавно претпријатие за водоснабдување Студенчица Кичево
Ndërmarrja Publike per Furnizim me Ujë Studençica Kërçovë

| Примено/Pranuar | 20.06.24 | | |
|---|---|---|---|
| О.Ед/Nj.Org. | Бр./Nr. | Прил./Shl | Вред./Vlere |
| 03 | 785/1 | | |

**До:**
**ЈП за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево**
**Бул.Ослободување 60А/I-1**
**6250 Кичево**

**ПРЕДМЕТ:** ***Доставување на Решение***

Почитувани,

Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во прилог на овој допис Ви ги доставува следното Решение, донесено на седницата одржана на 6.6.2024 година:

- Решение за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈП за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево за регулиран период 2024-2026 година.

Со почит,

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6$^{ти}$ спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

Rr. Maqedonia nr. 25, pallati Llazar Pop-Trajkov – kati i 6 • 1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
Qendra 02 3233-580 • Faks: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk
INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица Кичево
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica Kërçovë
Примено/Pranuar 20.06.24
О.Ед/Nj.Org. 03 | Бр./Nr. 785/2 | Прил./Sht | Вред./Vlera

НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
... KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 08-272/24
06. 06. 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 16 од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија бр.7/16), член 16 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/17), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 06 јуни 2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈП за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево за регулиран период 2024-2026 година**

1. На ЈП за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево се утврдува регулаторна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тоа:
    - за 2024 година
        - за ЈКП Комуналец Кичево, во износ од 1,68 ден/m³
        - за ЈКП Водовод и канализација Македонски Брод, во износ од 2,63 ден/m³
        - за ЈКП Комуналец Пласница, во износ од 2,63 ден/m³
        - за ЈКП Комуна Крушево, во износ од 3,32 ден/m³
        - за ЈКП Водовод и канализација Прилеп, во износ од 3,32 ден/m³
        - за ЈКП Долнени Долнени, во износ од 3,32 ден/m³
        - за ЈКП Пелагонија Кривогаштани, во износ од 3,32 ден/m³
    - за 2025 година
        - за ЈКП Комуналец Кичево, во износ од 1,77 ден/m³
        - за ЈКП Водовод и канализација Македонски Брод, во износ од 2,77 ден/m³
        - за ЈКП Комуналец Пласница, во износ од 2,77 ден/m³
        - за ЈКП Комуна Крушево, во износ од 3,51 ден/m³
        - за ЈКП Водовод и канализација Прилеп, во износ од 3,51 ден/m³
        - за ЈКП Долнени Долнени, во износ од 3,51 ден/m³
        - за ЈКП Пелагонија Кривогаштани, во износ од 3,51 ден/m³
    - За 2026 година
        - за ЈКП Комуналец Кичево, во износ од 1,77 ден/m³
        - за ЈКП Водовод и канализација Македонски Брод, во износ од 2,78 ден/m³
        - за ЈКП Комуналец Пласница, во износ од 2,78 ден/m³
        - за ЈКП Комуна Крушево, во износ од 3,51 ден/m³
        - за ЈКП Водовод и канализација Прилеп, во износ од 3,51 ден/m³
        - за ЈКП Долнени Долнени, во износ од 3,51 ден/m³
        - за ЈКП Пелагонија Кривогаштани, во износ од 3,51 ден/m³

2. Давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение треба да ги примени следните услови:
    - да ги применува тарифите од точка 1 на ова решение и

- да подготви и достави до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија План за прилагодување на тарифите и Бизнис план согласно ова решение.

3. Се задолжува давателот на водната услуга да достави нов План за прилагодување на тарифите за водни услуги за регулираниот период 2027-2029 година најдоцна во рок од девет месеци пред истекот на важноста на ова решение.

4. Решението влегува во сила со денот на донесување а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## **Образложение**

ЈП за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението за регулиран период 2024-2024 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под УП1 бр.08-272/23 од 28 април 2023 година (во натамошниот текст: Барање).

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги донесе Решение за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈП за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево за регулиран период 2024-2026 година УП1 бр. 08-272/23 од 06 јули 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.144/23).

Управниот одбор на ЈП за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево, донесе Ценовник за висината на цената на суровата вода наменета за водоснабдување на населението од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон корисниците на ЈП СТУДЕНЧИЦА Кичево за регулиран период 2024-2026 година бр.02-1115/1-5 од 26.07.2023 година.

Со оглед на тоа што во рамките на законскиот определен рок не е дадена согласност на Ценовникот за висината на цената на суровата вода наменета за водоснабдување на населението на ЈП за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево за регулиран период 2024 – 2026 година од Владата на РСМ, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги постапи согласно член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги и член 16 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга и одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**

При анализа на доставените податоци во Барањето, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

| Опис | Ед.мерка | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 46.773.718 | 46.902.203 | 46.965.713 |
| Амортизација | денари | 10.479.580 | 10.479.580 | 10.479.580 |
| Средства за ликвидност | денари | 334.071 | 331.873 | 329.349 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 0 | 0 | 0 |
| Принос на регулирани средства | денари | 9.561.000 | 8.992.774 | 8.424.548 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 3.058.272 | 3.058.272 | 3.058.272 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 64.090.098 | 63.648.157 | 63.140.918 |

Согласно направените анализи, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за регулираниот период 2024-2026 година ги утврди следните оперативни трошоци:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар се пресметани врз основа на остварените трошоци до месец април 2023 година,а кои по определување на истите за 2023 година и зголемување за стапката на инфлација, за 2024 година изнесуваат 2.410.831 денари, за 2025 година изнесуваат 2.459.048 денари и за 2026 година изнесуваат 2.508.229 денари;
2. Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства се пресметани согласно реализираните трошоци во 2022 година зголемени со стапка на инфлација и истите изнесуваат 138.319 денари, за секоја година од регулираниот период.;
3. Трошоците за осигурување на основните средства се прифатени согласно барањето истите изнесуваат 100.000 денари за секоја година од регулираниот период;
4. Трошоците за бруто плати се прифатени согласно барањето истите изнесуваат 40.000.000 денари за секоја година од регулираниот период;
5. Другите услуги се пресметани согласно одобрените трошоци во 2023 година зголемени за стапка на инфлација и истите изнесуваат 702.419 денари, за 2025 година изнесуваат 716.467 денари и за 2026 година изнесуваат 730.796 денари;
6. Останатите и вонредните трошоци согласно одобрените трошоци во 2023 година зголемени за стапка на инфлација и истите изнесуваат 3.310.985 денари, за 2025 година изнесуваат 3.377.204 денари и за 2026 година изнесуваат 3.377.204 денари;
7. Даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот се пресметани врз основа на остварените трошоци до месец април 2023 година,а кои по определување на истите за 2023 година изнесуваат 111.164 денари за секоја од трите години од регулираниот период.

Амортизацијата на основни средства со кои се врши водната услуга е утврдена врз основа на остварениот трошок до месец април 2023 година,а кој по определување на истиот за 2023 година, изнесува 10.479.580 денари за секоја од трите години од регулираниот период.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,5% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 334.071 денари за 2024 година, за 2025 година изнесуваат 331.873 денари и 329.349 денари за 2026 година.

Приносот на регулираните основни средства за водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението за 2024 година изнесува 9.561.000 денари, за 2025 година изнесува 8.992.774 денари и за 2023 година 8.424.548 денари.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува ЈП за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**УП1 бр.08-272/24**
**06 јуни 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија**
**за енергетика, водни услуги и услуги**
**за управување со комунален отпад на**
**Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**